# Негуватели што одат на работа

Ние можеме да им помогнеме на негувателите што одат на работа и што се грижат за некое лице со деменција или за изнемоштено постаро лице, така што ќе ги поврземе со службите за одмена од негата што ќе им дадат поддршка во нивната задача како негуватели

**9396 9550**





Carers VIC AUSTRALIA | Respite Connections

## Дали вие

- *Негувате некое лице со деменција или изнемоштено постаро лице што живее во својот дом, или со вас?*
- *Работите или имате цврсто решено да се вратите на работа?*
- *Живеете во западното градско подрачје на Мелбурн?*
- *Сметате дека ви е тешко да воспоставите рамнотежа меѓу вашата работа и вашите обврски како негувател?*

Можеби понекогаш ви е тешко да го негувате вашиот роднина или пријател. Вашето сопствено здравје и добросостојба се многу важни. Ако малку здивнете, или ако имате малку време за себе, тоа може да ви користи и на вас и на лицето што го негувате. Тоа се нарекува **одмена од негата**.

## Примери за одмена од негата *- некои од овие работи може да се наплаќаат*

- **Излегувања со групи за дружење**
  *Мали групни излегувања во заедницата, со помош на работник*
- **Дневна одмена од негата**
  *Во хостел или старечки дом, или во друг центар*
- **Планирана одмена од негата во домот**
  *Работник за одмена од негата може за куси временски периоди да го негува лицето и да му прави друштво во неговиот дом*
- **Одмена од негата во домот во итни случаи**

**Macedonian**

Ако сакате да позборувате со нас за програмата Carers @ Work (Негуватели што одат на работа), телефонирајте на 9396 9550.

Ако ви е потребен преведувач, телефонирајте на 131450.

Level 1, 37 Albert Street
Footscray VIC 3011
T 9396 9550 F 9396 9555
E rc@carersvic.org.au
**www.carersvic.org.au**

© Carers Victoria April 2008

Australian Government